**20191882961**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА ПРВОСТЕПЕНИТЕ И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на работата на првостепените и второстепената комисија за одобрување на прекинување на бременоста.

Член 2

Првостепената комисија за одобрување на прекинување на бременоста (во натамошниот текст: првостепената комисија) работи врз основа на поднесено писмено барање заедно со потребната документација согласно Законот за прекинување на бременоста од страна на бремената жена, односно ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, барањето го поднесува родителот, односно старателот на бремената жена заедно со бремената жена.

Од страна на одговорното лице за административни работи на првостепената комисијата (во натамошниот текст: секретарот на првостепената комисија), се утврдува дали е приложена потребната документација од ставот 1 на овој член.

Член 3

Кога секретарот на првостепената комисија ќе утврди дека не се поднесени сите потребни документи од член 2 од овој правилник, го известува подносителот на барањето дека истите може да ги поднесе на самата седница на првостепената комисијата.

Член 4

По приемот на барањето претседателот на првостепената комисија преку секретарот на првостепената комисија го известува подносителот за времето и местото на одржувањето на седницата на првостепената комисијата на која ќе биде разгледано барањето и за правото на бремената жена односно нејзиниот родител или старател ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, да присуствуваат на седницата на првостепената комисија при разгледувањето на барањето.

Член 5

Кога врз основа на приложената документација не може да се одлучи за оправданоста на барањето, Комисијата може да прибави мислење и од други лекари специјалисти од соодветни гранки на медицината и/или друга документација зависно од причината за прекинување на бременоста, со упатување на бремената жена до соодветниот специјалист.

Член 6

Првостепените комисии работат на седници во полн состав.

По разгледување на барањето и приложената документација од член 2 од овој правилник, од страна на првостепената комисија со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на комисијата се донесува писмена одлука со образложение, која се потпишува од страна на претседателот на комисијата.

Одлуката од став 2 на овој член, се доставува од страна на секретарот на првостепената комисија непосредно или по пошта до бремената жена, односно нејзиниот родител или старател, ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност.

Член 7

Второстепената комисија за одобрување на прекинување на бременоста (во натамошниот текст: второстепената комисија) работи врз основа на поднесен приговор на записник пред првостепената комисија или писмен приговор против одлуката на првостепената комисија (во натамошниот текст: приговорот), од страна на бремената жена ,односно нејзиниот родител или старател, ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, кој се доставува до одговорното лице за административни работи на второстепената комисијата (во натамошниот текст: секретарот на второстепената комисија).

Член 8

Ако второстепената комисија, врз основа на доставената документација не може да донесе одлука, може да побара дополнителни мислења и наоди и од други лекари специјалисти од соодветни гранки на медицината во зависност од причините за прекинување на бременоста, со упатување на бремената жена до соодветниот специјалист.

Член 9

По приемот на приговорот, претседателот на второстепената комисија преку секретарот на второстепената комисија го известува подносителот за времето и местото на одржувањето на седницата на второстепената комисијата, на која ќе биде разгледано барањето, и за правото на бремената жена, односно нејзиниот родител или старател ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, да присуствуваат на седницата на второстепената комисија при разгледувањето на барањето.

Член 10

Второстепената комисија работи на седници во полн состав.

По разгледување на барањето и приложената документација, од страна на второстепената комисија со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на комисијата се донесува писмена одлука со образложение, која се потпишува од страна на претседателот на комисијата.

Одлуката од став 2 на овој член, се доставува од страна на секретарот на второстепената комисија непосредно или по пошта до бремената жена, односно нејзиниот родител или старател, ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност.

Член 11

Седниците на првостепените и второстепената комисија ги свикува претседателот на комисијата и се одржуваат по потреба.

Записникот за работата на првостепените и второстепената комисија се води од страна на секретарите од членовите 2 и 7 од овој правилник, а се потпишува од страна на претседателот и членовите на комисиите.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на работата на лекарот и првостепената и второстепената комисија за одобрување на прекинување на бременоста („Социјалистичка Република Македонија“ бр.45/76).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6369/1
5 септември 2019 година
Скопје

Министер за здравство,
доц. д-р **Венко Филипче,** с.р.